# „Првото со што започна објавата кај Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, беа вистинитите соништа

Од мајката на верниците, Аиша, Аллах нека е задоволен со неа, се пренесува дека рекла: „Првото со што започна објавата кај Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, беа вистинитите соништа – тој не би сонувал нешто, а да не се оствари јасно, како зората. Потоа му стана мило осамувањето, па се повлекуваше во пештерата Хира и таму по неколку ноќи по ред се посветуваше на ибадетот, пред да се врати кај своето семејство. Се снабдуваше со храна за тие денови, па се враќаше кај Хатиџа и повторно земаше храна за ново повлекување, сè додека му дојде вистината – додека беше во пештерата Хира. Му се појави мелекот (Џибрил) и му рече: „Читај!“ Тој одговори: „Не знам да читам.“ Мелекот го зграби и силно го стегна, сè додека не го изнемошти, потоа го пушти и повторно рече: „Читај!“ Тој повторно рече: „Не знам да читам.“ Мелекот повторно го зграби и го стегна по вторпат, сè додека не го изнемошти, па го пушти и повторно рече: „Читај!“ Тој повторно одговори: „Не знам да читам.“ Потоа по третпат го зграби и силно го стегна, па го пушти и рече: „Читај во името на Господарот твој Кој создава, го создава човекот од грутка крв! Читај, зашто Најблагороден е Господарот твој." (Сура Ел-Алак, 1–3) Тогаш Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, се врати од таму, а срцето му трепереше. Влезе кај Хатиџа бинт Хувејлид, Аллах нека е задоволен со неа, и рече: „Покријте ме! Покријте ме!“ Па го покрија сè додека не го напушти стравот. Потоа ѝ раскажа на Хатиџа што се случило и рече: „Навистина се исплашив за себе.“ А Хатиџа му рече: „Никако! Се колнам во Аллах, Аллах никогаш нема да те понижи – ти ги поврзуваш роднините, се грижиш за немоќните, ѝ помагаш на сиромашната рака, гостопримлив си кон гостите и им помагаш на оние што се во неволја.“ Потоа Хатиџа го одведе кај Верака бин Невфел бин Есед бин Абдулуза – нејзиниот братучед. Тој бил човек кој го прифатил христијанството во времето на незнабоштвото и знаел да пишува со еврејско писмо, па запишувал од Евангелието колку што Аллах сакал. Беше стар и слеп човек. Хатиџа му рече: „О, сине на мојот чичко, слушни го синот на брат ти.“ Верака рече: „О, сине на братот мој, што виде?“ Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, му раскажа што се случило. А Верака рече: „Тоа е истиот Намус (мелек) што Аллах го испрати кај Муса. Ех, да сум млад во тие денови! Да сум жив кога народот твој ќе те протера!“ Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рече: „Зарем тие ќе ме протераат?“ А Верака рече: „Да! Никој досега не донел нешто како тоа што ти го донесе, а да не бил нападнат. Ако го дочекам тој ден, ќе ти помогнам со силна поддршка.“ Потоа Верака наскоро почина, а објавата се

прекина за извесен период.
[صحيح] [متفق عليه]

Мајката на верниците, Аиша, Аллах нека е задоволен со неа, раскажува дека првото со што започнала објавата кај Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, биле вистинитите соништа – тој не би сонувал нешто, а тоа да не се исполни јасно, како утринската светлина. Потоа му се омилила осаменоста, па се повлекувал во пештерата Хира, каде по неколку ноќи се посветувал на ибадетот, пред да се врати кај своето семејство. Со себе носел храна за тие денови, а кога ќе се враќал кај Хатиџа, Аллах нека е задоволен со неа, земал нова залиха – сè додека не му дојде вистината, додека се наоѓал во пештерата Хира. Таму му се појави мелекот Џибрил, алејхи селам, и му рече: „Читај!“ Тој, салаллаху алејхи ве селем, одговори: „Не знам да читам.“ Тогаш мелекот го зграби, го прегрна и силно го стегна, сè додека не го изнемошти, потоа го пушти и повторно рече: „Читај!“ Тој одговори: „Не знам да читам.“ Па повторно го зграби и стегна по вторпат, сè додека не го изнемошти, потоа го пушти и повторно рече: „Читај!“ Тој рече: „Не знам да читам.“ Потоа и по третпат го зграби и стегна, па го пушти и рече: „Читај во името на Господарот твој Кој создава, го создава човекот од грутка крв! Читај, зашто Најблагороден е Господарот твој." (Сура Ел-Алак, 1–3) Потоа Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, се врати со објавените ајети, а срцето му трепереше од страв за својот живот. Влезе кај својата сопруга, мајката на верниците, Хатиџа бинт Хувејлид, Аллах нека е задоволен со неа, и рече: „Завиткајте ме! Завиткајте ме!“ Па го завиткаа, сè додека не му се смири стравот. Потоа ѝ го раскажа на Хатиџа целиот настан и рече: „Навистина се исплашив за својот живот.“ А Хатиџа му одговори: „Не! Се колнам во Аллах, Аллах никогаш нема да те понижи – ти ги одржуваш роднинските врски, се грижиш за немоќните кои не можат сами да се справат, му помагаш на сиромашниот кој ништо нема, им го даваш на луѓето она што не можат да го најдат кај другите, гостопримлив си и помагаш во добрите и праведни дела.“ Потоа го одведе кај Верака бин Невфел бин Есед бин Абдулуза – нејзиниот братучед. Тој беше човек кој се одвратил од незнабоштвото и го прифатил христијанството, и пишуваше од Евангелието на еврејски јазик онолку колку што Аллах ќе му овозможел. Беше многу стар и слеп. Хатиџа му рече: „О, сине на чичко ми, послушај го синот на твојот брат.“ А Верака рече: „О, сине на мојот брат, што виде?“ Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, му го раскажа она што го доживеал, а Верака рече: „Тоа е Џибрил, кого Аллах го испратил кај Неговиот пратеник Муса, алејхис селам. Ех, кога би бил млад и снажен во тие денови, кога би бил жив кога народот твој ќе те протера...“ Тогаш Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, праша: „Зарем тие ќе ме протераат?“ А Верака рече: „Да! Ниту еден човек не донел нешто како тоа што ти го донесе, а да не бил нападнат и вознемируван. Ако го дочекам тој ден, ќе ти бидам силна поддршка.“ Но, недолго потоа, Верака почина, а објавата се прекина за извесен период.

النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY

لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC
E-Da'wah Committee